Уп. Бр.08-70/2023

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Претпријатието за телекомуникации Телеком Србија, акционерско друштво Белград, со седиште на Таковска бр.2 Белград Србија, преку полномошник Огнен Трајковски од Скопје, на седницата одржана на ден 17.05.2023 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата која се однесува на стекнувањето на контрола од страна на Претпријатието за телекомуникации Телеком Србија, акционерско друштво Белград, со седиште на Таковска бр.2 Белград Србија, над ГЛОБАЛТЕЛ д.о.о Белград, Србија со регистрирано седиште на улица Мекензијева 24, спрат 1 , Белград-Врачар, Србија преку купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на ден 28.04.2023 година, а дополнето на 09.05.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од Претпријатието за телекомуникации Телеком Србија, акционерско друштво Белград, со седиште на Таковска бр.2 Белград Србија (во понатамошниот текст: Телеком Србија), со која Телеком Србија ќе стекне контрола над ГЛОБАЛТЕЛ д.о.о Белград,

Србија со регистрирано седиште на улица Мекензијева 24, спрат 1 , Белград-Врачар, Србија преку купопродажба на удели
Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

Телеком Србија акционерско друштво Белград е оператор за електронски комуникациски услуги и мрежи, регистриран за кабелски телекомуникации, кој пружа и услуги на фиксна и мобилна телефонија, интернет и мултимедијални услуги на територијата на Република Србија.

Во Република Северна Македонија, Телеком Србија има едно поврзано лице[1] и тоа Друштво за трговија и услуги МТЕЛ ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. Максим Горки 11/1-3 Скопје регистрирано за дејност жичани комуникации, односно обезбедува услуги на јавно – комуникациска мрежа, широкопојасен пристап на интернет, меѓуоператорски услуги, јавно достапни телефонски услуги во јавна мобилна комуникациска мрежа, реемитување на телевизиски програмски сервиси, сателит.

ГЛОБАЛТЕЛ д.о.о е оператор на електронски комуникациски услуги и мрежи, нотифициран како виртуелен мобилен оператор.

Г ГЛОБАЛТЕЛ д.о.о не остваруваат приходи од продажба во Република Северна Македонија и немаат регистрирано поврзани друштва во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

---

[1] Комисијата за заштита на конкуренцијата со решение бр.08-31/2023 од 22.03.2023 година ја одобри концентрацијата со која МТЕЛ ДООЕЛ Скопје со регистрирано седиште на улица Максим Горки бр.11-1/кат 3, 1000 Скопје, ќе стекне контрола над друштвото НЕОТЕЛ ДОО Скопје, со седиште на булевар Кузман Јосифовски-Питу бр.15, 1000 Скопје

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**